- Ширет Елези - Посебен советник на министерот за финансии, нето плата 52.500,00 денари.

Именуваната ја извршувала функцијата заменик министер за финансии од 22 јуни 2017 година до 23 септември 2020 година и министер за локална самоуправа во период од 2016 до 2017 година. Нејзиното работно искуство започнало во Општина Гостивар, како раководител на Сектор за финансиски прашања во период од 2005 до 2016 година. Работела и како вонреден професор на Меѓународниот универзитет во Струга, а во 2012 година и како вонреден професор на Државниот универзитет во Тетово (предмети во областа на јавните финансии, финансиски институции итн).

Во кабинетот на министерот извршува работни обврски од следниве области: внатрешна ревизија, јавна внатрешна финансиска контрола, финансиски прашања, буџет и фондови, трезор, даноци, како и работни обврски од областа на влада, собрание итн.

- Магдалена Симоновска - Посебен советник на министерот за финансии, нето плата 49.684,00 денари.

Именуваната од декември 2019 година е посебен советник на министерот за финансии. Во кабинетот на Министерот доаѓа со 17 годишно работно искуство во банкарскиот сектор каде работела од 2003 до 2019 година, односно до нејзино доаѓање во министерството. Именуваната во ПроКредит банка А.Д Скопје работела на различни позиции и тоа од 2016 до 2019 година како менаџер на филијалата за мали и средни деловни клиенти во Скопје и централно-западниот регионот, од 2011 до 2016 на позиција на раководител на секторот за администрација, а претходно во периодот од 2007 до 2010 како раководител на секторот за обука и развој на вработени. Во периодот од 2003 до 2007 работела како менаџер на филијала во различни градови и тоа: Тетово, Куманово, Скопје, вклучувајќи го и регионот на Скопје. Паралелно на тековните работни обврски, извршувала и работни обврски како проектен менаџер реализација на проект за изградба на Управна зграда на Прокредит банка, како и координатор за имплементација на 24/7 концепт на безготовински плаќања во периодот од 2013 до 2016. Именуваната посетувала голем број на интернационални обуки вклучувајќи и тригодишна менаџерска академија во Германија.

Во кабинетот на министерот извршува работни обврски во следниве области: финансиски систем, меѓународни финансиски односи и управување со јавниот долг, макроекономија, централно финансирање и склучување на договори, финансиска инспекција во јавниот сектор и координација на борба против измама на ЕУ средствата, јавни приходи и даночна и царинска политика, како и работни обврски од областа на влада, собрание итн.